Објавен во Службен весник број: 112/2014
Датум на објавување: 25.07.2014

# ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМАЊЕ И ПРЕСАДУВАЊЕ НА ДЕЛОВИ ОД ЧОВЕЧКОТО ТЕЛО ЗАРАДИ ЛЕКУВАЊЕ

## Член 1

Во Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување („Службен весник на Република Македонија“ број 47/11, 136/11, 91/13, 164/13 и 27/14), во членот 9 став (1) по точката 4 се додава нова точка 5, која гласи:
„5) парична помош во висина на реални погребални трошоци, но најмногу до три просечни месечни нето плати по вработен исплатени во Република Македонија во последниот месец пред настапувањето на смртта, според податоците на Државниот завод за статистика, што се исплатува на семејството на умреното лице од кое се земени делови од човечкото тело заради лекување.“

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:
„(2) Паричната помош од ставот (1) точка 5 на овој член ја обезбедува Министерството за здравство од програмата која се однесува на земање на делови од човечкото тело заради лекување, донесена согласно со Законот за здравствената заштита.“

## Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“